Република Македонија
**Министерство за финансии**

Бр. 15 - 30114/1

Скопје 04.09.2009 година

**До:**

Влада на Република Македонија
**Министерство за финансии**
Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола
Даме Груев 14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел.: ++ 389 2 3117 288
Факс:++ 389 2 3117 280
Е-пошта: *finance@finance.gov.mk*
Веб страна: ***www.finance.gov.mk***

**Предмет : Известување за спроведување на заклучок и акциони планови на Владата на РМ**

Почитувани,

Ве известуваме дека согласно Нацрт - записникот од осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија бр. 19-3201/1, Акциониот план за спроведување на НПАА 2009 за 130 нови вработувања во единиците за финансиски прашања во субјектите од централно ниво и Акциониот план за реализација на НПАА 2009 за 144 нови вработувања на внатрешни ревизори во субјектите на централно ниво донесени од Владата на Република Македонија на 07.07.2009 година потребно е да извршите соодветна измена и дополна на актот за организација и систематизација на работните места и извршите прием на 4 **вработени** во Секторот/ одделението за финансиски прашања и 3 **внатрешни ревизори** во единицата за внатрешна ревизија.

Со оглед на тоа дека акционите планови се дел од НПАА 2009, за чија реализација Министерството за финансии има обврска неделно, преку Секретаријатот за европски прашања, да ја известува Владата на Република Македонија, молиме за преземените мерки (поднесено барање на согласност за вработување до Министерството за финансии, објавен оглас, издадено решение за ново вработување и др.) веднаш да доставите известување до Министерството за финансии - Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Горенаведените документи може да ги најдете на нашата веб страна www.finance.gov.mk/node/679 .

Со почит,

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**
**Трајко Спасовски**

Изготвил: Даниел Стојановски
Контролирал: Марија Костовска